КЛИМАТСКО СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

СЕСИЈА 2

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ:

Драган Миновски

1. Дали се размислува за предизвиците поврзани со отпадот, депонирањето и рециклирањето на фотоволтаиците кои што имаат трајност отприлика 30тина години?
2. Што е интересот на државата од субвенции?
3. Како оди процедурата за колективно домување?
4. Дали знаете до каде е проектот Соларниот парк "Стипион"? (Странска инвестиција од фран. Компанија Акуо Енерџи во соработка со ОСТРО СОЛАР-Скопје
5. Зошто цената на електирчна енергија ќе беше повисока и покрај тоа што енергијата ја добиваме од фотоволтаици?
6. Дали во Скопје фабриките имаат филтри на оџаците за намалување на гасовите?
   Да. Фабриките во Скопје се должни да имаат филтри на оџаците за намалување на емисии од загадување. Индустриските инсталации подлежат на А-Интегрирана еколошка дозвола, чија контрола е во надлежност на Државниот инспектор за животна средина, додека помалите инсталации, како што се, бурекџилници, кафани и сл. е надлежност на контрола на овластените инспектори за животна средина на Град Скопје и општините во рад Скопје.
   И кои?
   Повеќето индустриски инсталации имаат обезбедено А-интегрирана еколошка дозвола (АИЕД). Регистар на издадени АИЕД води Министерството заживотна средина и просторно планирање (МЖСПП). Сите информации за издадени АИЕД во државата може да се погледнат на следниот линк: Интегрирано спречување и контрола на загадувањето | МЖСПП (moepp.gov.mk)
7. Се припремаат нацрт-закони за климатска акција, закон за ОУЕ и закон за енергетика. Има ли шанси препораките на Делфи да бидат предложени како коментари од јавност во активниот процес?
   Консултативниот процес е уставно загарантиран. Сите закони и подзаконски акти кои се носат во РСМ се јавно достапни и ставени на мислење на јавноста на Единствениот национален електронски регистар на национални прописи на РСМ. Вашето мислење е од особено значење!
8. Што доколку не се достави известување до општината, дали би се сметако како дивоградба и дали истото подлежи на санкции?

9. После колку време ќе ни се врати инвестицијата?
10. Бројка: колку домаќинства користат фотоволтаици?
11. Зошто на кров да се постават фотоволтаици?
12. Која компанија е вклучена во поставување на фотоволтаиците?
13. Како се менува исплатливоста на фотоволтаици доколку не се живее во домот?
14. Малку повеќе за разликата на производство наспроти потрошувачка на фотоволтаици
15. Во кулите на Џевахир има 4 заеднички тераси со 100m2 отприлика и кров од 600m2, која би била инвестицијата и бенефитот доколку се постават фотоволтаици?
16. Дали можат фотоволтаици да се постават на нерамна површина?
17. Дали имаат штетно зрачење?
18. Дали е рентабилно да се вградуваат топлински пумпи во комбинација со сончеви панели во институции кои трошат големо количество електрична енергија?

Андријана Чучук

1. Дали се планира топлинската енергија да се прошири и во Општина Сарај?

- Планот за развојот и проширувањето на системот за топлинска енергија се изработува врз основа на покажан интерес за приклучување кон него, имајќи во предвид дека законска обврска за приклучување на системот има само за новоизградени објекти, согласно Законот за енергетска ефикасност каде е уредено дека пред добивање на одобрение за градење и проектирање на начинот на греење, треба да се изработи и достави до органот кој го издава одобрението, анализа за енергетски најефикасен начин на загревање.
  Општина Сарај не е вклучена во среднорочниот план за проширување на системот за топлинска енергија.

2. Зошто е толку комплицирано граѓаните да се исклучат по нивно барање од централно греење?

- Исклучувањето по барање на граѓаните во станбени, станбено-деловни, деловно-станбени и деловни објекти каде распределбата на надоместокот се врши преку еден мерен уред на влез во топлинска подстаница може да биде поединечно исклучување и поединечно времено исклучување на посебен дел од објектот.

Поединечното исклучување се врши по барање на сопственикот, кое го поднесува до снабдувачот со топлинска енергија, ако се исполнети следните услови:

1. системот на кој планира да се приклучи или системот за поединечно греење којшто ќе го користи ги задоволува условите за ефикасно поединечно греење во согласност со дефиницијата од член 1 точка 22) од овие правила,
2. системот на кој планира да се приклучи или системот за поединечно греење којшто ќе го користи, обезбедува подобри енергетски перформанси, односно е поефикасен и еколошки поприфатлив и го намалува користењето на примарна енергија во споредба со системот за централно греење на којшто е приклучен, земајќи ја предвид енергијата потребна за екстракција, конверзија, транспорт и дистрибуција, што се докажува со извештај за енергетска контрола изготвен од овластен енергетски контролор за згради и
3. обезбеди писмена согласност за исклучување од системот за централно греење со мнозинство од вкупниот број сопственици на посебни делови на зградата согласно со Законот за домување.

Поединечно времено исклучување на посебен дел од објектот без обврската за исполнување на претходните условите се врши и по барање на сопственикот/ потрошувачот на посебниот дел од објектот.

Кон барањето сопственикот/ **потрошувачот доставува изјава за времено некористење на посебниот дел од објектот**.

Изјавата за времено некористење на посебниот дел од објектот се поднесува до Снабдувачот и истата **задолжително треба да содржи податоци за временскиот период во грејна сезона за која посебниот дел од објектот нема да се користи**, како и причина/и по основ на која посебниот дел од објектот нема да се користи.

Граѓаните кои живеат во куќи или згради каде имаат сопствено приклучно место можат во секое време да се исклучат од системот.

Постапката за исклучување личи дека е комплицирана бидејќи овие правила се изработени во согласност со Законот за енергетска ефикасност и Законот за енергетика кои наложуваат да се користат енергетско најефикасните системи за греење.

3. Кога е планирано и општина Сарај да се приклучи на мрежата?

- Доколку жителите на општина Сарај изразат подготвеност да се приклучат кон системот за топлинска енергија, операторот ќе изработи план за проширување на мрежата и ќе се пристапи кон негова реализација.

4. Дали државата дава субвенции за топлински пумпи?
- Министерството за економија секоја година објавува различни мерки за поттикнување на енергетската ефикасност, помеѓу кои се и субвенционирањата на користењето на одредени технологии. Ве упатувам да ја следите веб страната на министерството за подетални информации. www.economy.gov.mk

5. Зошто воопшто е дадена можност за исклучување од централно греење?
- Можноста за исклучување од централното греење е дадена поради затекната состојба на одреден број на исклучени потрошувачи од системот за греење, со тоа што секое ново исклучување е отежнато со исполнување на услови за енергетска ефикасност. Системот за централно греење е еден од најефикасните начини на затоплување и затоа изгледа дека процедурата е комплицирана.
  Треба да имаме во предвид дека исклучените потрошувачи кои се дел од колективни станбени единици плаќаат месечен фиксен надоместок.

6. Зошто регулаторна комисија не воведе обврска за производителот на топлинска енергија инсталација на калорифер?
- Се извинувам, но ова прашање не ми е јасно.

7. Од кој институт е дадена дозволата за исклучување од централно греење?
- Согласност за исклучување од системот за централно греење дава снабдувачот со топлинска енергија, во согласност со Правилата за снабдување со топлинска енергија.

8. Кој треба да ја покрие разликата на потрошената топлинска енергија?
- Потрошената топлинска енергија ја плаќаат само потрошувачите кои користат греење, додека фиксниот надоместок кој треба да ги покрие фиксните трошоци на системот го плаќаат сите потрошувачи освен оние кои се ослободени врз основа на доказ дека алтернативниот начин на загревање кој го користат не влијае на температурата на останатите станари, односно дека и тие учествуваат во загревање на станбениот објект.
  Тоа што го зборувавме на настанот на кој присуствував е во насока на тоа дека што повеќе станари се приклучени кон системот за греење тоа значи намалување на просечните трошоци на снабдувачите и би имало влијание на намалување на надоместокот кој го плаќаат потрошувачите.
9. За да се ослободат од фиксен месечен трошок станарите кои што се исклучени од парно каде и кои документи се потребни да се достават?
   Подолу е опишана постапката, уредена во Правилата за снабдување.

КЛИМАТСКО СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

- **Член 54-б**
- (1) Сопственикот на посебен дел во станбени, станбено-деловни, деловно-станбени и деловни објекти каде распределбата на надоместокот се врши преку еден мерен уред, а кој не е приклучен на системот за централно греење има обврска да го плаќа фиксниот дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија кој се определува согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.
- (2) Од обврската од став (1) од овој член се ослободува сопственикот на посебен дел, ако:
- 1) живее во него и кај снабдувачот кон барањето за ослободување како доказ приложи валиден документ (лична карта на сопственикот или член на неговото потесно семејство кој живее во станот на увид, имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh).
- 2) го наследил, добил на подарок или го стекнал по друг правен основ, и кај снабдувачот кон барањето за ослободување како доказ приложи валиден документ (лична карта на увид, имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh),
- 3) го дава на користење и кај снабдувачот кон барањето за ослободување како доказ приложи валиден документ и тоа:
- - за корисник физичко лице (лична карта на корисникот на објектот на увид, имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето, договор за закуп заверен на нотар и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh),
- - за корисник правно лице (имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето, договор за закуп заверен на нотар и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh).
- (3) Снабдувачот е должен да во рок од 15 дена од денот на уредно доставеното барање од сопственикот на посебниот дел донесе решение со кое се уважува или одбива барањето за ослободување.

- (4) Ако снабдувачот не го ослободи од обврската од став (1) од овој член, сопственикот на посебен дел има право да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.
- (5) Снабдувачот има право да врши периодична контрола на сопствениците на посебни делови кои што веќе добиле ослободување и да изврши промена на нивниот статус со донесување на решение, доколку при контролата утврди дека не се исполнети условите од став (2) на овој член.
- (6) Потрошувачот има право против решението на снабдувачот од ставот (5) на овој член, да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.
- (7) Снабдувачот со податоците добиени од потрошувачот постапува во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на лични податоци.

10. Зошто не се сите јавни објекти, болници и училишта на парно греење?

- Приклучувањето на горенаведените јавни установи може да биде извршено само врз основа на нивно барање за приклучување кон системот за греење, освен во случај кога се новоизградени објекти и имаат обврска да користат енергетски најефикасен начин на загревање, на начин опишан во одговорот на прашањето под број 1.

11. Спомнавте за CO2 емисиите, на колку планирате да ги намалите и од парното железо дали е радиоактивно и доколку е, што превземате со него?

- Ова прашање мислам дека се однесува на колегата од Макстил.

12. Дали топланите во Скопје имаат филтри и дали ќе правите промени во системот на топлинската енергија?

- Топланите во Скопје имаат интегрирани еколошки дозволи и инсталирањето и контролата на филтрите се врши од страна на Инспекторатот за животна средина. Промените во системот на топлинска енергија се вршат во насока на зголемување на ефикасноста на нивното работење и користење на поефикасни начини на производство на топлинска енергија, како што е когенерацијата во овој момент.

Елмедина Абдулаху

1. Дали имате и кои актовности ги спроведувате по 2017 година?

КЛИМАТСКО СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

Моето прво вклучување како активист беше преку Движењето за мајка и дете во 2014 година. Сепак, ова не беше крајот на мојата ангажираност, особено откако не беа решени проблемите со затворањето на Југохром. Мојата волонтерска активност продолжи во различни невладини организации:

- Во 2014 година, се вклучив во Организацискиот совет на 'BarCamp Tetovo' за составање на отворена и колаборативна околина каде може да се споделуааат знаења.
- Во 2015 година, станав член на Надзорниот одбор во 'EcoGuerilla', невладина организација каде што мојот интерес е усмерен кон заштита на животната средина и одржливост.
- Во 2017 година, станав член на Управниот одбор на Асоцијацијата за едукација 'Penda AEP', акцентирајќи на моето вклучување во образовни иницијативи.
- Во 2021 година, станав член на Управниот одбор на 'ММРТ', а дополнително се ангажирав како независен кандидат во Советот на Општина Тетово.
- Во 2023 година, го превземав претседателството на 'Од Здружението за општествен развој "ЗА ТЕТОВО"', прикажувајќи го моето ангажираност кон развојот на заедницата.

Овие ангажмани го илустрираат моето трајно и разновидно учество како активист, со фокус на различни области како што се заштита на животната средина, образование и социјални предизвици.

2. Дали со филтри и менување на горива може да се намали уделот на индустријата во загадувањето?
   Да. Секако.

Лилјана Динев

1. Дали со чисти оџаци и нови печки на дрва загадувањето на воздухот би било значително помало?

Сите анализи и наоди спроведени досега укажуваат дека греењето е најголемиот загадувач на воздухот и во Скопската котлина. Ваквите наоди се потврдуваат и во студијата изработена од страна на Финскиот метеоролошки институт во рамките на твининг проектот со МЖСПП каде е пресметано дека дури 90% од вкупните емисии на ПМ честичките доаѓаат од загревањето (огревно дрво).

2. Дали пелетите од маслинките се направени само од семките или од цела маслинка?
   Пелетите од маслинки се направени само од семка на маслинка.
3. Колкав е бројот на оџачари денес? Каде да се најдат? Контакт?
   Бројот на оџачари обучени во рамки на проектот НаКоПа кој се спроведуваше помеѓу збратимените градови Нирнберг и Скопје е вкупно 6 (шест). Професорите во СГГУС Здравко Цветковски во Скопје се оспособени за обука на нови кандидати. Град Скопје води регистар на оџачари. Препорачан контакт е Виктор Спасовски, е-маил: vspasovski16@yahoo.com и моб: 071 265 741
4. Колку исчистени оџаци?
   Вкупно 36 (триесет и шест) домови во нас. Лисиче во Скопје.
5. Сега дали работат уште тие оџачари?
   Да, работат. Двајца се професори во СГГУС во Здравко Цветковски во Скопје (Проф. Јасмина Атанасова Симјаноска и Проф. Милена Марцекиќ Милевска), останатите 3 (тројца) се ученици во истото училиште и 1 (еден) пожарникар во противпожарна бригада на Град Скопје.
6. Колку пари земаа тие учесници?
   Кандидатите не беа платени за нивниот ангажман. Истите беа дел од бесплатна настава и обука за оџачари, која се спроведуваше по јавен повик за обука на оџачари објавен од страна на Град Скопје со помош од германски оџачари. Сите кандидати добија професионална оџачарска опрема, набавена од Град Нирнберг, збратимениот град на Град Скопје.
7. Зошто веќе не трае?
   Бидејќи тоа беше проект поддржан и финансиран од страна на Министерство за економска соработка и развој од Сојузна Република Германија и истиот се реализирше во соработка со збратимениот град Нирнберг со рок на имплементација до 31.12.2022 год.
8. Како да се стимулираат учениците да се вклучат во обука за оџачари?
   Учениците од средните училишта на Град Скопје ќе се стимулираат да се вклучат во обука за оџачари доколку се воведе формално средно образование во времетраење од 4 (четири) години. Во тој случај, учениците ќе имаат избор за спроведување на оваа професија и можност за натамошно образование со можност за дополнителна обука и/или напредување во струката.

9. Влијание на оџак врз ПМ-10
   ПМ-честичките се многу мали, фини, цврсти или течни честички, што се суспендирани во воздухот. Според своето потекло тие може да бидат од прашина, саѓе, чад, од хемиски загадувачки материи што ги создаваат фабриките, возилата, домашните и комунални ложишта, градежните активности или едноставно може да бидат од природната прашина или нечистотиите во комуналната средина. Според својата големина се делат во две големи групи – ПМ10 со големина на честичките од 10 микрони, кои уште се нарекуваат респирабилни суспендирани честички и ПМ2,5 со големина на честичките од 2,5 микрони. Оџаците, особено оние кои се ложат на фосилни горива, произведуваат ПМ-10 честички. Овие честички можат да се инхалираат и да допринесат кон загадувањето на воздухот. Инхалираните ПМ-10 честички можат да предизвикаат различни здравствени проблеми, вклучувајќи респираторни болести, срцеви заболувања и канцер.ПМ-10 може да имаат негативен влијание врз растенијата, животните и водните системи. Овие честички можат да се депонираат на листовите и да ги оштетат, како и да се интегрираат во водите и да ги замрзнат. За да се намали влијанието на оџакот врз ПМ-10, може да се применат различни мерки, вклучувајќи филтрирање на оџакот, користење на чисти извори на енергија и подобрување на инфраструктурата.

Билјана Дуковска

1. Родовиот аспект на енергетската сиромаштија и како го решавате?

Љупчо Пејовски

1. Дали Макстил превзема други активности или акцииза чист и здрав воздух, спонзорства и кои се тие?
2. Има информации дека во Макстил има рудни погони кои работат без филтри и колку пати годишно имате контрола од регулаторна комисија?
3. Макстил целосно користи електрична енергија во неговата работа. Колкаво е загадувањето поради искористеното количество енергија, поточно необновливата природа ни истата во МК
4. Дали и други индустриски објекти треба да имаат филтер станици како Макстил?
5. Можно ли е да се изврши дислокација на Макстил, како објект од тешка индустрија, надвор од градот?